Не се случило само она што не било во весниците

# ШТИПСКИ Глас

Штипски месечник

Број 144

Септември 2024 г.

цена 20 денари

*Марија МАЛИНОВА,*
*референт за продажба во „Феријал Кашиков“*



## Штипјани знаат да уживаат во летните одмори

Quehenberger logistics

ЖИТ-ГО Маркети

AKTIVA

БОРОВ ДОЛ BOROV DOL

БУЧИМ

**Д-р Сашко НИКОЛОВ, интервентен кардиолог во Клиничка болница Штип**



## Ги користиме социјалните мрежи како добра платформа за едукација на граѓаните во однос на нивното добро здравје

❑Споделувањето на набавката на секој нов апарат, на убавите моменти на одделението, на успешните операции, на спасени човечки животи, се битни за сите на Кардиолошкот одделени но и за граѓаните за тие да знаат дека нашиот тим е секогаш подготвен да се соочи со сите предизвици со цел спасување човечки животи.

**Млади:**

## Јована Гуњова, штипјанка, студира мода во Словенија и е номинирана за Прешерновата награда за уметност



**Кацаров:**

## ЖИВОТОТ И ПРИРОДАТА





**Дачо:**

## Кај нас не може да се живее како самостоен уметник

Иван Бојаџиски



# За Денот кој ја промени историјата на Штип

Наближува најсветлиот ден во историјата на Штип. Осми ноември-денот на ослободувањето на градот. Годинава се очекува одбележувањето на овој светол ден во севкупната историја на градот да биде на многу повисоко ниво од порано.

Но, зошто тоа треба да биде баш така?

Затоа што токму годинава се навршуваат заокружени 80 години од денот кога градот ја доживеа слободата истерувајќи го и последниот војник од четите на фашистичкиот окупатор од територијата на општината. Во едно такво светло треба да биде и изборот на годинашниве лауреати на Осмоноемвриското признание кое треба да им се врачи на докажани граѓани кои со децении создаваат и (или) создававале капитални дела во разни области од општествениот живот. Ова посебно бидејќи во минатото имаме поголем број случаи највредното општинско признание да се додели на личности за кое и тие самите не знаат зашто им било доделено.



Во целата оваа приказна има и посебни, убави делови кои говорат за нашиот Штип како град кој го воделе луѓе-визионери, град зад чиј развој, на солидарна основа, застанале сите негови жители одделувајќи од своите плати низ формата на општински самопридонеси.

Имено, токму годинава се одбележува и половина век, или 50 години, од моментот кога во Штип, свечено и во присуство на илјадници граѓани беа предадени во употреба три капитални објекти. На 8 Ноември 1974 година беше пуштен во употреба новиот градски плоштад „Слобода“ со првата фонтана во самото негово срце. Истиот ден во работа беше пуштен импозантниот хотел „Астибо“ како инвестиција на еден тогаш финансиски моќен стопански комбинат – ЗИК „Црвена Ѕвезда“. На истиот ден, на средновековната тврдина „Исар“, беше отворен за јавноста импозантниот Споменик на револуцијата, дело на еден од најпознатите архитекти/уметници во тогашна Југославија - Богдан Богдановиќ, кој подоцна стана и градоначалник на Белград. За споменикот пишуваа и најголеми светски весници, како американскиот неделник Њусвик, оценувајќи го делото на Богдановиќ како светски монументален раритет создаден во чест на борбата на слободниот свет. Тогаш за Штип како град со име и презиме и неговата слободарска историја дозна целиот свет.

Кога веќе го споменува импозантниот Споменик на револуцијата, ценам дека би било добро кога нашата локалан власт би побарала некој од наследниците на архитектот Богдановиќ и би го поканила на најголемата градска и општинска прослава, и со тоа да покажеме дека како слободарски град ја цениме оставштината која ни ја даде големиот уметник.

Во изградбата на Спомeникот на револуцијата на кој, на 47 скалила, од двете нивни страни се испишани имињата на вкупнои 94 борци кои ги дадоа своите животи за слободата која ја живееме 80 години поголем дел од парите беа влог на штипјани преку самопридонес, а тоа се однесува и на изградбата на плоштадот „Слобода“. И токму овие примери може да ни бидат пример што се во овој град можеме да направиме ако, како заедница на одговорни граѓани, се здружиме на полето на солидарноста по кое, во бившиот систем бевме втори во тогаш големата држава.

**_Пред точно 80 години, на 8 Ноември, Штип ја освои слободата. Од тој ден, цели 80 години, Штип се гради, се разубавува, стана регионален центар, со многу основни и средни училишта, со Универзитет, со голема индустрија, со развиена култура, развиено информирање, успешни спортски колективи со големи остварувања, стана град на младоста...И затоа годинашнава прослава на Денот на ослободувањето мора да биде посебна._**

Нема збор дека 8 Ноември е Денот кој ја промени историјата на нашиот град во секоја смисла. Од тој ден, цели 80 години, Штип се гради, се разубавува, стана регионален центар, со многу основни и средни училишта, со Универзитет, со голема индустрија, со развиена култура, развиено информирање, успешни спортски колективи со големи остварувања, стана град на младоста...

## Марија МАЛИНОВА, референт за продажба во „Феријал Кашиков“

# Штипјани знаат да уживаат во летните одморите



Сезоната на годишни одмори заврши. Дојде есента, семејствата ги подготвија своите деца за на училиште, постарите се посветија на правење зимница, младите се вратија на факултетите, работниците на своите работни места, а по жешкото лето дојде новата филозофија на животот.

Но, како и колку масовно штипјани летово знаеја да уживаат во десеттината или нешто повеќе денови од својот годишен одмор? Со едно вакво прашање ја посетивме една од најетаблираните туристички агенции со висок рејтинг и долг стаж во Македонија-„Феријал Кашиков“. За навиките на штипјани да одат на одмор преку лето разговараме со Марија Малинова, референт за продажба.

❑ **Марија, со еден збор како би ги опишале штипјани во однос на нивната опсесија од годишните одмори?**

-Би рекла дека нашите сограѓани знаат да уживаат во својот одмор, без оглед дали тој им трае една недела, десет дена или нешто повеќе. Во голем дел имаме луѓе, па и цели семејства, кои со години на ред се наши клиенти, а кои на време резервираат места за своето летно уживање. Нашето искуство ни вели дека на одмор одат семејства, група пријатели, млади брачни парови, девојче и момче кои се во врска...Нам ни е многу мило кога можеме квалитетно да ги исполниме нивните барања, а посебно ни е мило кога по одморите ќе дојдат во нашата канцеларија да ги споделат своите впечатоци кои секогаш се многу позитивни за нив.

❑ **Според вашата анализа, дали годинава имавте повеќе граѓани од лани кои преку вашата фирма сакаа да заминат на одмор?**

-Да, бројката беше поголема од лани, но е за околу 20 проценти помала од бројката која ја имавме во годините пред корона кризата. Наше согледување е дека намалениот број во однос на пред четири-пет години е резултат на влошената финансиска состојба на семејствата и на одливот на младите од градот и нашата држава.

❑ **Остануваат ли Грција, Турција, Албанија, Египет и понатаму омилени дестинации на штипјани, или, можеби, има некои промени...**

-Да. Тоа се земји со развиен туризам и туристичка традиција кои се најомилени меѓу штипјани. Летово мошне популарни беа чартер летовите за Тунис, за Турција-Анталија, Египет-Хургада. Најголем интерес имаше за туристичките места во Тунис, можеби и затоа што годинава за таму имаше најдобри услови во однос на цените по едно лице, а нашите сограѓани сакаа и знаеја како тоа да го искористат и да го имаат како искуство на листата на своите летни задоволства.

❑ **Во шега или како вистина и самите Грци велат дека северниот дел на Егрјско Море, малите села под Олимп токму македонците и србите ги направиле посакувани туристички дестинации. Каков годинава беше интересот за таму?**

-Грција од секогаш била во фокусот на нашиот човек од повеќе причини. И годинава интересот да се поминат неколку дена на Егејско или Јонско море беше евидентен. Во перидото јули-август градот најмногу се празнеше, а нашите сограѓани најмногу одеа на одмор на Тасос,Аспровалта, Врасна, краците, Халкидики. Значи соседна Грција и понатаму е омилена дестинација како за оние кои преку туристичка агенција одат на омор во оваа земја, исто така и за оние кои самостојно заминуваат таму, пред се поради близината која ја имаме.

❑ **Што е со Албанија која по падот на комунизмот многу вложува во развојот на туризмот и само за првите шест месеци годинава инкасира 1,9 милијарди евра од оваа стопанска гранка? Каков е интересот на нашите штипјани за одмор во оваа земја?**

-Да, постоеше голем интерес и за летување во Албанија, во нивните познати одморалишта Валона,Саранда, Ксамиа, но летово неверојатно голем интерес постоеше за Будва, на Јадранско море. За оваа туристичко места и пред почетокот на сезоната местата со кои располагаме се распродаваат. На штипјани им е привлечно чистото море, убавото апартманско сместување, прифатливата цена од само 250 до 350 евра по лице, во која цена е превозот, сместувањето, појадок и вечера за девет ноќи.

❑ **Кои генерации најмногу го користат летото за одмор на море?**

-Сите! Преку лето главно се младите луѓе, младите семејства, месеците јуни и септември некако се резерирана за пензионерите.

❑ **Дојде есента па какво е расположението кај штипјани за туристички прошетки?**

-Секој празник луѓето го користат за да заминат во некое, од турстички аспект интересно место. Најчесто се тоа групни патувања секако во наша организација. За 11 Октомври кога имаме продолжен викенд организираме излети до Банско-Бугарија, Кавала-Грција и Белград. За овие места има најголем интерес, наше е тој интерес квалитетно да го задоволиме. На 23 октомври, кога е пак државен празник, организираме патувања до Сокобања и Ртањ, а од почетокот на месец декември ги водиме заинтересираните на Новогодшен базар во Трикала, Драма и Кавала-Грција, Будимпешта-Унгарија, и Виена-Австрија зашто за тоа постои евидентен интерес.

## Д-р Сашко НИКОЛОВ, интервентен кардиолог во Клиничка болница Штип

# Ги користиме социјалните мрежи како добра платформа за едукација на граѓаните во однос на нивното добро здравје

Здравјето пред се. Оваа максима ја слушаме секојдневно на разни места и по разни поводи. Токму и поради тоа нашиот весник посветува редовно внимание и објавува информации и интервјуа на важните прашања од здравствениот сегмент. Во овој број на весникот правиме интервју со др Сашко Николов,интервентен кардиолог, а за такво нешто имаме многу поводи.

**✹Доктор Николов, почесто следиме како на социјалните мрежи ги споделувате вашите интервенции и интевенциите на тимот со кој работите. Која е потребата од еден таков пристап?**

Пред се и над се луѓето треба и мора да се едуцирани во однос на своето здравје. И да знаат каде можат да најдат решение за некој свој здравствен проблем. Социјалните мрежи денес нудат многу можности за тоа, тоа е алатка која ни стои на располагање и која ние ја користиме, а се во корист на здравјето на луѓето.

Како доктор кој го основал, изградил и развил одделението за кардиологија и интервентна кардиологија во Штип, со објавување на интервенции кои ги работи кардиолошкиот тим на КБ Штип, беше дел од развојот на ова одделение. Кога започнавме во 2014 ниеден пациент, па дури и доктори од болницата , па и надовор од болницата, не знаеја што сé работиме и на кое ниво на прфесионалност го работиме тоа. Затоа уште на самиот почеток, кога бевме само јас и др. Маријан Јовев, направивме стратегија дека ќе работиме 24/7 и ќе даваме максимум за лекување и спасување на човечки животи во нашиот регион и секоја интервенција која е специфична јавно ќе ја објавуваме, зашто тоа е и дел од концептот за превенција на болести. Идејата ни е да го подигнеме чувството за одговорност за своето здравје во моменти кога мислиме дека сме апсолутно здрави и дека токму тогаш треба да правиме превентивни прегледи, со цел да не дојдеме до она што сме го сработиле во ангиографската сала. Зашто основата во медицината е да се превенираат болестите, за да не се дојде до нивно третирање.

**✹Не само што на фб споделувате исходи од сложени интервенции кои се прават на вашето одделени, туку информирате речиси катадневно и за новите апарати кои се набавуваат на одделението за кардиологија и интервентна кардиологија.**



Д-р Сашко НИКОЛОВ

Да, тоа е точно. Прво што сакам во ова интервју да го кажам, зашто јавноста треба тоа да го знае, е фактот дека интервентната кардиологија бара тимска работа, каде сите членови во тимот, почнувајчи од хигиеничарот кој треба да ја исчисти салата и одделените, болничарот да го префрли пациентот од салата во одделените, медицинските сестри кои се воедно и асистенти во работење во салата, рентген технолозите и сите доктори кои работат во сала , меѓутоа и оние кои не работат во ангиографска сала, се најбитен дел од ова одделение. Затоа споделувањето на секој нов апарат, секоја нова ситуација, споедлувањето убави моменти во одделението, а по некогаш споделувањето и тажни и тешки моменти се битни за сите вработени во Кардиолошкото одделение, но и за околината за да знае популацијата дека целиот кардиолошки тим е секогаш спремен да се соочи со сите предизвици кои ќе дојдат, со цел да го спасиме чвечкиот живот.

**✹Во филозофијата на Вашето работење на ова одделние наметнавте и еден нов принцип. За што се работи и зошто тој принцип ви е важен?**

-После речиси 11 години работење во КБ Штип, со презентирање на интервенции, ехокардиографски дијагностики итн, успеавме да наметнеме еден при-

нцип да нашите штипјани доаѓаат на преглед двапати годишно и кога немаат мака. Со тоа го намаливме бројот на миокардни инфаркти на пациенти во Штип, но ја згоелмивме превенцијата за кардиоваскуларното здравје. Така да кога на човек ќе му ги објасниш последиците од нездравиот живот, и кога тие последици ќе ги презентираш преку слики и видеа, што ние го работиме, верувајте дека луѓето сами ќе најдат начин како да започнат да живеат еден здрав живот. Јас сум пресреќен што денеска во Штип имаме голем процент од граѓани кои пешачат по патеките, вежбаат, се трудат здраво да се хранат,а се како резултат на она што веќе 11 години го работиме и презентираме. Знаете, на македонската нација и се потребни повеќе здравствени емисии, повеќе радио емисии за здрав живот и здравствена превенција, зошто без здраво население немаме иднина.

**✹Штипската јавност беше некако изненадена кога еден доктор од форматот на Сашко Николов реши да се опроба во политиката. Бевте советник, па пратеник, еден период и градоначалник на Штип, а да ли тој чекор го сметате за оправдан или...**

Јас во ова интервју ќе кажам како стојат работите во однос на ова ваше прашање. Мој став е дека секој прфесионалец кој е реализиран и докажан во

***ДОБРО ЗДРАВЈЕ*** **Јас сум пресреќен што денеска во Штип имаме голем процент од граѓани кои пешачат по патеките, вежбаат, се трудат здраво да се хранат, а се како резултат на она што веќе 11 години го работиме и презентираме. На македонската нација и се потребни повеќе здравствени емисии, повеќе емисии на медиумите за здрав живот и здравствена превенција, зошто без здраво население немаме иднина.**

својата област треба да биде дел од политичкиот свет. Зашто само такви професионалци можат да дадат позитивен импакт во политичкиот свет, во социо-економскиот свет, бидејќи тие професионалци, со своето искуство во одредени полиња, ќе придонесат да се подобри квалитетот и да се насочи државата према решавање на проблемите, а не префрлување на топката од опозиција на позиција. Мојот период поминат во политиката го сметам за добро поминато време, зашто јас ја видов состојбата во државата и од друга перспектива и прецизно ги изанализирав сите проблеми со кои се соочуваме. Како градоначалник на Штип, во период од 11 месеци, направивме многу во функционалноста на општинското работење, во организацијата на општинските институции и сум среќен и горд што во тој период бев градоначалник на апсолутно сите граѓани, без разлика кој која политичка, верска или било каква друга припадност ја имал. Направивме една состојба на хармонија во нашиот град каде сите граѓани беа еднакво третирани. Јас сум среќен што во мојот период во политиката оставив белег дека сепак ако сакаме можеме да го смениме политичкиот клиентелистички пристап и сите заедно да работиме за да создаеме поубаво место за живеење и за да направиме уште подобри услови за нашите деца.

**✹Што ви велат пациентите кои квалитетно сте ги третирале на Вашето одделени? Од социјалните мрежи гледаме, кога д-р Сашко нешто ќе објави, веднаш има илјадници лајкувања. Што Вам ви говори тоа?**

-Видете, сите оние граѓани кои имале мака, а ние како кардиолошки тим сме им помогнале да си ги решат своите здравствени проблеми, тие луѓе стануваат инаши лични пријатели. Од тука секој еден од нив лесно ќе ве пронајде на социјалните мрежи и на тој начин имаат лесен пристап да прашаат и да добијат одговор. Токму затоа социјалните мрежи ни се од голема корист на сите, и на пациентите, но и на докторите, зашто со давање одговори на социјалните мрежи вие сте го упатиле пациентот каде да се лекува, а со тоа сте намалиле дел од редицата за чекање на оние кои не се за на кардиолог.



Тимот на кардиолошкото одделение при Клиничка болница Штип

**✹Се сметате ли себе, со оглед на популарноста на социјалните мрежи за „селебрити“ личност, секако во една позитивна смисла?**

-Не, не се сметам за “селебрети” зошто јас сум кардиолог, кој со својот тим уживаме во нашата работа, а тоа е да го превенираме и лекуваме кардиоваскуларното здравје на пациентите. Начинот на кој се доближуваме до пациентите и тие до нас, е мој личен пристап во медицината и тоа од денот кога завршив медицински факултет и истиот ќе остане до крајот на мојата кариера.

**✹Како тече еден ваш ден?**

Работата во КБ Штип е поделена во еден ра-

ботен ден на неколку дела, ехо кабинет, пота влегувате во ангиографска сала каде стентираме и потоа ги лекуваме пациентите на интензивно лекување. Кога ќе го разделите работното време секогаш недостасуваат уште неколку часа за да завршите сѐ. И затоа верувајте дека јас дома ручам секогаш сам, зашто сопругата и децата ќе завршат во 14,00 часот, а то време јас сум обично заглавен во сала. Затоа ја немам таа привилегија за семеен ручек каква што ја имаат најголем број наши сограѓани, но ручам сам а покрај мене се се сопругата и децата. Многу е тешко да се носите со емоциите дека не ги гледате довоно децата, не поминувате доволно време со семејствотот, но правам систем во кој сум сигурен дека нивното здравје и здравјето на сите луѓе е на највиоко ниво. Нема поубаво чувство кога ќе спасите нечиј родител, нечие дете и токму тоа е причината што не прави да бидеме силни за нас и нашето семејство.



Огромно задоволство и чест ми беше што бев дел од Европското Бифуркационо Здружение (ЕВС), каде на моето прво присуство добив покана од страна на бордот на интервенти кардиолози да бидам панелист на една од најинтересните сесии на овој конгрес.

**✹Отворивте и приватна здравствена установа „Кардиоарт“, кој ви беше поводот за тоа?**

-Отворањето дојде на иницијатива на човекот кој ме внесе во кардиолошкиот свет, а тоа е Др Иван Милев, со кого заедно ја отворивме „Кардиоарт“, ординација за кардиоваскуалрна дијагностика, каде во последните две години поставивме уште повисоки стандарди во тоа како треба да изгледа една здравствеа институција.

Сакам да нагласам дека од 2014 година до денес од лични средства сум инвестирал во државното кардиолошко одделение и голем дел од сите инвестиции внатре во одделението биле лично мои или на ми пријатели од штипскиот бизис сектор, но во државнотот здравство не можете да инсистирате да луѓето работат како што вие сте замислисле, зошто сепак тие луѓе работат за државата. Но во прватниот дел сите вработени мораат да ги исполнуваат принципите кои сум ги зацртал. Но, со взаемно функционирање успеваме да направием баланс.

**✹Редовно ги следиме на вашите бројни настапи на европски и светски конгреси од доменот на вашата струка, што тие Вам ви значат?**

-Од 2009 година до денес, ја користам секоја прилика да бидам присутен на едукативен конгрес, каде пред се учиме нови работи, но и презентираме она што го работиме во Штип и со тоа си докажувам пред себе и пред светскиот кардиолошки свет дека и во помалите места како Штип, може да се работи на највисоко професионално ниво. Сега, кога не сум дел од политичкиот живот, посветен сум само на кардиологијата и на медицината, а секое слободно време кое едвај ќе го обезбедам, го користам за да бидам со семејството.

**✹Набавен е нов, многу важен апарат на вашето одделение, а партиите ја спукаа по прашањето чија заслуга е тоа. Кој е вашиот став по ова прашање?**

-Кога водите држава и кога имате одговорност за целиот народ, за иднината на државата, тогаш секоја политичка партија мора да има заеднички 10 годишен план за тоа каде и во кој правец треба да се води оваа држава и овој народ. Меѓутоа секоја политичка партија кога ќе дојде на власт го негира претходното и почнува ново, па после 4-8 години доаѓа друга политичка партија и повторно негира се на претходната и така се вртиме во круг, а тоа трае од 1991 година па се до сега. За жал немаме ниту здравствена државна стратегија за наредните најмалку десет години, зашто еве некако се гради новата Клиничка Болница Штип, но кадар за оваа болница не можеме да измислиме, тој кадар треба да се создава. За да создадете спремен доктор, треба 6 години факултет, 4-6 години специјализација, 4-6 години најразлични едукации и дури тогаш имаме спремен медицински кадар. Не е решение да вработите штотуку завршен студент, зашто на тој начин го уништувате развојото на тој студент, зошто го ставате да работи, а не да се развива, а од друга страна тој не може да одговори на современите принципи на лекување зашто не е доволно едуциран. Така да се надевам дека ќе се направи компромис во здравството и ќе се направи правилен 10 годишен план и сите политички партии ќе го следат и спроведуваат истиот. Друго решение нема.

> ***БАВЕЊЕ СО ПОЛИТИКА*** **Мој став е дека секој прфесионалец кој е реализиран и докажан во својата област треба да биде дел од политичкиот свет. Зашто само такви професионалци можат да дадат позитивен импакт во политичкиот свет, во социо-економскиот свет, во развојот на државата и напредок на општеството.**

# Највисока награда за модна ревија која дополнително мотивира и инспирира



Марина Варадиновска

Нашите основни и средни училишта подготвено ја дочекаа новата учебна година. Во овој број на весникот разговараме со Марина Варадиновска, в.д.директорка на СОУ „Димитар Мирасчиев“ меѓу народот попознато како „Текстилното училиште“ во центарот на вниманието е ученикот а не наставникот. Моментално во училиштето има 87 ученици. Училиштето е верифицирано за образование на кадри од секторот текстил, кожа и слични производи од образовните профили/ најголем е интересот за образвните профили -техничар за дизајн на облека, техничар за моделирање на облека и техничар за изработка на облека.

СОУ „Димитар Мирасчиев“ познато како „Текстилно училиште“ стана поатрактивно за младите со воедедување на модуларно- дизајнирани наставни програмите, каде во центарот на вниманието е ученикот а не наставникот. Моментално во училиштето има 87 ученици. Училиштето е верифицирано за образование на кадри од секторот текстил, кожа и слични производи




од образовните профили/ најголем е интересот за образвните профили -техничар за дизајн на облека, техничар за моделирање на облека и техничар за изработка на облека.

-СОУ„ Димитар Мирасчиев - Штип како и претходната учебна година така и оваа учебна година запиша ученици во сите образовани профили наведени во конкурсот за упис на ученици. Новите динамични времиња, новите предизвици налагаат постојано кадровско зајакнување и освежување. Во оваа насока сакам да истакнам дека нашето училиште како одговорно и стручно училиште го зајакнува својот кадровски потенцијал во континуитет. Просторните услови се во согласност со потребите на наставните планови и програми и ги задоволуваат основните услови за нормално функционирање. Учениците имаат услови да ја следат наставата, а наставниците имаат услови да предаваат. Училиштето има добра инфраструктура и современа опрема. Со својот динамичен и посветен наставен тим, училиштето се стреми на секој ученик да му понуди добро знаење, вештини и образование, вели Варадиновска..

**➲Како училиштето стои во однос на просторните услови?**

Просторните услови се во согласност со потребите на наставните планови и програми и ги задоволуваат основните услови за нормално функционирање. Учениците имаат услови да ја следат наставата, а наставниците имаат услови да предаваат. Училиштето има добра инфраструктура и современа опрема. Со својот динамичен и посветен наставен тим, училиштето се стреми на секој ученик да му понуди добро знаење, вештини и образование.




**➲Колкав е бројот на ученици во сите години, дали таа бројка последниве години е константна или, можеби, има зголемување или намалување...**

Во моментот имаме 95 ученици, кои се од повеќе нации (македонска, турска, ромска). Бројката не е константна. Има ученици кои што се запишуваат во текот на учебната година, но има и случаи кога учениците се испишуваат, најчесто поради иселување во друга држава.

**➲За кои се професии се школуваат вашите ученици? Со оглед на фактот дека Вашата поврзаност со стопанството (текстилната индустрија) е основа на Вашето постоење, поради кој факт нашиот Штип уште се нарекува и „Град на текстилот“.**

Нашето училиште произведува кадри за следните професии: идни модни дизајнери, модни креатори, техничари за изработка на облека и конфекционери што значи дека не образуваме млади само за потребите на конфекциското производство, коешто претежно работи по лон систем, туку им даваме можност на учениците да ја изразат својата креативност, своите идеи и истите да ги пласираат на пазарот не само во нашиот град, туку и пошироко. Всушност, нашиот стремеж е да обезбедеме успешни кадри кои што ќе го вратат сјајот и гламурот на градот како центар на модата.





***Сите фотографии се од модната ревија. Креациите се на ученичките кои се и во улога на манекенки***



**➲Знаеме за фактот дека Вашето училиште го освои највисокото признание на државен натпревар во областа на модата, каде и кога тоа е освоено и што овој факт вам ви говори?**

Да, тоа е факт. Нашето училиште зеде учество во повеќе категории од областа на литературата, спортот и модата на Младинската Асоцијација на Средни стручни училишта во Македонија каде на наше огромно задоволство го освоивме првото место за најдобра организирана модна ревија, со што докажавме дека со посветена и одговорна работа се постигнуваат најдобрите резултати. Оваа награда, своевидно, претставува дополнителна мотивација и инспирација и за самите наставници и ученици да се работи уште повеќе и да се истакнат и искористат стекнатите знаења и вештини за нови, поголеми предизвици.

***НАЈДОБРА РЕВИЈА*** **Нашето училиште зеде учество во повеќе категории од областа на литературата, спортот и модата на Младинската Асоцијација на Средни стручни училишта во Македонија. На наше огромно задоволство го освоивме првото место за најдобра организирана модна ревија, со што докажавме дека со посветена и одговорна работа се постигнуваат најдобрите резултати.**



Оствививме успех и на спортски план зашто во категоријата игра со топка за четворица играчи (серва) влеговме во полуфинале што за нашето училиште претставува особен успех со оглед на тоа што сме стручно училиште. А во категоријата јавен говор дојдовме до четвртото место што исто така не е за потценување.

# Кај „Света Недела“ никнува населба од 41 куќа за ромски семејства кои порано живееја кај старото нервно одделение

**Штип ќе биде општина-пионер во Македонија во изградбата на компактна населба за ромската заедница која со 2.301 жител е втора по бројност во општината.**

На една од последните седници на Советот на Општина Штип едногласно беше усвоена одлуката за учество на нашата општина во реализација на проектот за подобрување на условите за живот на ромските заедници во општините Штип и Берово. Општина Штип во овој проект од својот буџет ќе издвои 70.535 евра, а вкупниот буџет е 895.400 евра. Учеството на донаторот е со грант од 799.986 евра.

На распишаниот тендер најповолни услови даде скопската фирма „Swet Home“по што беше потпишан договор со Општина Штип за изведба на населбата.

-Во Штип ќе се градат 41 куќа со различна квадатура додека во Берово веќе се реконструирани 14 од вкупно 15 ромски куќи предвидени со овој проект. Се работи за проект од 2021 година кој е во рамките



на инструментот за претпристапна помош на ИПА 2 програмата на Европската унија за ромите и луѓето кои живеат во длабока сиромаштија. Тој е во имплементација на општините Штип и Берово и на здружението за еколошки одржлив развој „Зелен институт“ од Скопје, вели Ерол Адемов, виш референт за односи со заедниците во Општина Штип.

Според Адемов куќите ќе бидат лоцирани во населбата „Света Недела“.

-Овие куќи се наменети за семејствата кои живееја кај старото нервно одделе ние. Од вкупно 41 станбена единица 15 ќе бидат со квадратура од по 41 метар квадратни, четири со по 51 метар квадратен, 12 со по 25 метри квадратни а десет со по десет метри квадратни (самци), информира Адемов.

Пред апликацијата на проектот од општината е направена апликација на сите ромски семејства кои живееја во руинираните објекти кај старото нервно одделение. Нашиот соговорник вели дека веќе се знае кои семејства ги добиваат куќите.

-Во месец јули годинава го Општина Штип го објави јавниот тендер за изведувач на работите во оваа населба па сега сме во фаза на изборот на изведувач по што ќе следи потпишување на договорот и почеток на изградбата. Целата работа е поделена во две

***Ќе се градат вкупно 41 куќа со различна квадатура од десет до 51 метар квадратен. Се работи за проект од 2021 година кој е во рамките на инструментот за претпристапна помош на ИПА 2 програмата на Европската унија за ромите и луѓето кои живеат во длабока сиромаш- тија. Штип ќе биде пионер во оваа сфера како општина во која е изградена првата компактна населба за квалитетно домување на ромската заедница.***

етапи, првата е уредување на инфраструктурата во „Света Недела“, а втората бетонирање и поставување на куќите. Сакам да укажам на фактот дека ова е прва компактна населба за ромска заедница во нашата држава по што Штип ќе биде пионер во оваа важна област која на за квалитетно решавање на потребите од домување на ромската заедница, порачува Ерол Адемов.

Со овој проект е опфатено и изготвувањето на детален урбанистички план на населбите „Радански пат“ и на „Света Недела“каде што доминантно живее ромско население. Притоа, се работи за легализација на сите нелегални градби во овие населби, а сите трошоци кои ќе ги имаат ромските семејства ќе бидат покриени од средствата предвидени за проектот.

-Имаме и кампања за собирање податоци во однос на социјалната и здравственатра состојба на ромите во Штип и Берово како и кампања за информирање на ромските семејства и планирање на нивните семејства. Во исто време правиме и попис, а вршиме и социоекономско профилирање во ромските населби во овие две општини.

# Кај нас не може да се живее како самостоен уметник

**• Вајарот Далибор Николовски – Дачо кој ги изработи бистите на „Св. Кирил и Методиј“ и на Тодор Александров говори за својата уметност и позицијата на уметникот во општеството.**



Далибор Николовски–Дачо, 34 годишен уметник-вајар, роден во велешкото село Виничани, под необични околности стана штипски зет и жител на нашиот град. Уште во основно образование Дачо пројавува афинитет кон уметноста за конечно да дипломира на факултет за ликовна уметност Скопје 2013 во класата на Жарко Башески и се здобива титулата дипломиран вајар со конзервација и реставрација. Во нашиот град интересот да се знае нешто повеќе за Далибор дојде по откривањето на спомениците на светите браќа Кирил и Методиј и на Тодор Александров. Од 2014 годин до денес има изработено десеттина споменици во општините Кочани, Зрновци и Штип.



-Моето доаѓање во Штип е за време на изградбата на „Порта Пролет” кога бев ангажиран за внатрешното уредување кога станав и штипски зет и кога одлучив со семејството да останам да живеам во овој убав за мене град, вели Далибор во разговор за Штипски Глас. Со изработка на скулптури започнува да се бави во средношколските денови, а по неколку изработени бисти за на ред да дојде првото поголемо авторско дело споменикот во бронза на Св. Димитрија во општина Зрновци, со висина од два метри.

-Кога беше објавено дека ќе се гради кружен тек кај црквата „Свети Никола“ во Штип, добив идеја да направам споменик на патронот на градот, но бидејќи на тоа место имало училиште кое се викало „Св Кирил и Методиј”, по иницијатива на Владиката се реши да се прави споменик на истоименото училиште кое било отворено во 1877 год. и се викало „Св Кирил и Методиј”, иако во текот на неговото постоење му се менувало името. Со самата идеја за споменик решив изработката на споменикот да ја донирам, а материјалот за реализација за споменикот беше обезбеден од бизнисменот Ване Богдов (сега покоен), вели Далибор и додава:

-По изработката на „Св. Кирил и Методиј” ја имав таа чест да бидам поканет од здружението „Мише Развигоров” да го направам споменикот на Тодор Александров по повод 100 годишнината од неговата смрт. Добро е тоа што во нашата држава природни материјали со кои работата скулпторите има во изобилие, но на некои материјали треба да се чекаат подолг временски период.

Далибор моментално е вработен. Вели дека така има сигурна егзистенција за семејството. -„Кај нас не може да се живее само како самостоен уметник“, вели тој.

При изработка на бисти и споменици претежно се води од тоа што го гледа на фотографиите. –„Од нив најнапред барам пропорции, физиономија и емоција. При изработка на мое вајарско дело ме води идејата, естетскиот дел и како тоа ќе биде сместено во просторот. На пример за споменикот „Св. Кирил и Методиј” јавното мислење е дека се многу мали, иако тие се во надприродна големина, со висина од 2.20 м., но просторот каде што се сместени е многу голем и дава визуелна илузија дека се многу мали“, појаснува Далибор.

**Далибор ги има изработено и оскарите за ланецот на кина на „Киноверизум“ за кината во Свети Николе, Штип, Велес и Скопје кои станаа заштитен знак на кината во во кои секогаш се прикажуваат филмови од најновата светска продукција.**

Тој држи до до јавното мислење за неговите дела. Вели дека публиката ја оценува успешноста на делото на секој уметник, а со тоа и на него самиот. За него доајен на македонското вајарство е Диме Тодоровски.

# Јована Гуњова, штипјанка, студира мода во Словенија и е номинирана за Прешерновата награда за уметност

***Јована Гуњова има 24 години, студира мода во Словенија. По многу нешта Јована го привлече нашето внимание што резултираше со разговор за нејзиниот пат кон семејството на светската модна индустрија. Но, која е Јована?***



Завршив Гимназија во Штип, математички смер. По завршувањето на средното образование, одвоив една година за да размислувам за мојот иден пат. За време на оваа пауза, сфатив дека модата отсекогаш била мојата основна страст, нешто што ја поттикна мојата креативност уште од детството. Светот на модата во комбинација со мојата љубов кон уметничкиот израз се чувствуваше како совршен правец за мене. Откако внимателно ги разгледав моите опции, решив да ги продолжам студиите на Универзитет во Љубљана, Словенија, на факултетот за природни науки и инженерство-оддел за текстил, графичка уметност и дизајн.



**Како се снајдовте во Љубљана?**

- Преселувањето во Љубљана беше значаен предизвик за мене, бидејќи го одбележа моето прво искуство што живеев далеку од дома. Почетната транзиција беше разбирливо тешка, бидејќи морав да се прилагодам на ново опкружување, да запознавам нови луѓе и да се ориентирам во секојдневниот живот на јазик различен од мојот мајчин македонски јазик.Наоѓањето сместување исто така беше тешко, бидејќи има многу студенти, а странските студенти немаат пристап до домови. Апартманите, згора на тоа, се прилично скапи и тешко достапни. За среќа, не се соочив со премногу проблеми со јазикот. Мојот смер прима 30 студенти, од кои само 3 се меѓународни, Инаку, студирам на

**Како се случи модата да биде Ваш избор?**

-Интересно е тоа што никогаш не се замислував себеси да се занимавам со мода кога бев помлада, иако често се наоѓав себеси привлечена од светот на стилот. Гледав модни ревии и прелистував списанија, но се чувствував повеќе како тоа да е далечна фасцинација отколку реална можност. Сепак, во ретроспектива, знаците секогаш беа таму. Отсекогаш сум имала силна креативна визија. Како дете, поминав безброј часови правејќи работи со рака, од цртање и правење форми со картон до мои сопствени идеи во опипливи форми. Тоа беше начин да се изразам и постојано бев исполнета со инспирација за нови дизајни или концепти и покрај моите креативни склоности, немав можност длабоко да ја истражувам модната индустрија во моите рани години. Растејќи, не бев сигурена како и дали воопшто ќе се вклопам во тој свет. Дури подоцна, откако имав време да размислувам за она што навистина ме интересира, сфатив дека модата не е само облека - тоа беше медиум за креативност, иновација и лично изразување. Тоа сознание, комбинирано со мојата љубов кон уметноста и дизајнот, ме натера да го преземам скокот и да се насочам кон модата како кариера.

**Имаме информација дека ваш професор од Вашиот факултет Ве има предложено за највисоката награда во Словенија-Прешерновата награда. Со оглед на фактот дека се работи за најголемото признание за остварување во уметноста во Словенија, а која може да се добие само еднаш во животот, би било добро да ни кажете нешто повеќе за тоа.**

- Да, тоа е точно. Имав огромна чест да бидам номиниран за престижната Прешернова награда, која е највисоко признание на Словенија во областа на уметноста. Да се биде номиниран за оваа награда е извонредно достигнување, бидејќи се оддава признание за извонреден уметнички придонес низ целата земја. Мојата номинација дојде како резултат на мојата дипломска работа, а и должам голема благодарност на мојата менторка, професорката **Елена Фајт**. Таа беше таа што веруваше во мојата работа и првично ја предложи на комисијата на факултетот, која подоцна ја одобри номинацијата. За номинација е потребно дипломското дело да биде оценето со највисока оценка како и презентацијата на истот. Покрај тоа кандидатите мора да одржуваат исклучително високи академски перформанси, со просек од најмалку 8,5 во текот на три годишните студии. Помислата да бидам препознаена на толку важна уметничка сцена во Словенија како странски студент е нешто што никогаш не би го замислила кога првпат почнав со моите студии.

**▓ Има и еден друг многу значаен сегмент од животот и школувањето ваше во Словенија, а се однесува на словенечкиот јавен сервис. За што точно се работи?**

- Во претходниот зимски семестар имав неверојатна можност да работам како стилист за Радио и телевизија Словенија (РТВ) околу три месеци. Ова искуство се покажа како едно од најважните моменти



на моето време како студент. РТВ Словенија активно бараше студенти од нашиот факултет за помош за време на напорната новогодишна сезона, која секогаш е особено бурно време. Се пријавив и бев прифатена за позицијата бидејќи работата како стилист отсекогаш била една од моите страсти, што ми дозволуваше да ја изразам мојата креативност додека ги усовршувам моите професионални вештини во динамична средина. За време на мојот престој во РТВ, ја имав честа да се сретнам и да соработувам со бројни талентирани личности, вклучувајќи водители, режисери и врвни словенечки стилисти. Тесно соработував со видеографи, сниматели, па дури и пејачи, што ми даде поглед зад сцената на процесот на производство. Беше фасцинантно да се види како различни елементи се спојуваат за да создадат привлечна содржина. Генерално, тоа беше незаборавно искуство што ја засили мојата страст за модата и стајлингот.

**▓ Во Штип,со ваши модели учествувавте на Модните денови на Штип 2024 година. Кажете ги Вашите впечатоци од настанот.**

- Имав прилика да учествувам на модните денови во Штип 2024 година, благодарение на еден од организаторите, Никола Патриклиски кој ме покани. Тоа беше возбудлива можност за мене да ја покажам мојата работа овде и да се вклучам со колегите креативци во индустријата. За мојот придонес, создадов модна инсталација со постери од моите скици, кои беа подготвени за мојата колекција. Дополнително, претставив две уникатни креации на модели, овозможувајќи ми да ја оживеам мојата визија на пистата. Навистина ми е драго што во мојот град Штип, познат како град на текстилот, се организираше ваков настан. Тоа е фантастична платформа за локални таленти и навистина се надевам дека ќе се негува традицијата да се одржува овој настан секоја година. Настанот беше енергична прослава на модата, исполнета со разновидна низа таленти од локални дизајнери и модели. Беше инспиративно да се види како секој учесник ги толкува своите креативни визии и ги реализира. Севкупно, сум горда што бев дел од овој тим и што придонесов за ваков значаен настан.

***Еден од најважните моменти на ова патување беше признанието од Vogue, едно од најпознатите и највлијателните модни списанија во светот. Спомнувањето на мојата работа од страна на Vogue се чувствува како потврда на насоката што ја преземам како дизајнер и ме мотивираше да продолжам со уште поголема решителност да ја следам мојата страст за модата.***

**▓ Ја следите ли модата во Македонија и во Вашиот Штип?**

- Секако. Притоа се трудам да останам поврзана со модната сцена во Македонија и особено во мојот роден град Штип. Наследството на модата овде е непобитно. Дизајнерите како Гордана Лазарова која исто така лично мене на почетокот ми помогна да гледам од друг аспект на модата, и постојано ми раскажуваше приказни за поранешното нејзино достигнување. Како и Антоловиќ и Киро Бреслиски кои исто така оставија значаен белег не само локално, туку и низ поранешна Југославија. Нивната работа, заедно со достигнувањата на МК Астибо, беше револуционерна. Со специјални ревии во Србија, Хрватска, Словенија и Македонија, тие помогнаа да се дефинира ерата на македонската мода. Wranglers во продукција на Makedonka Jeans беа уште еден исклучителен успех, создавајќи име што одекна далеку надвор од нашите гра-

ници. Денес, додека глобалниот моден пејзаж е драстично променет, верувам дека се уште има огромен потенцијал Штип и Македонија да ја оживеат и да ја надградат таа традиција.

**▓ Кога ќе ги завршите студиите во Словенија да ли имате идеја, намера еден убав ден ќе се вратите во Штип и од тука да ја дефинирате модната сцена?**

- Да бидам искрена, тешко е со сигурност да се каже какви ќе бидат моите планови откако ќе ги завршам студиите во Словенија. Овде сум веќе скоро пет години, а идејата да го продолжам животот и кариерата во Европа, или можеби дури и надвор од Европа, е нешто што го разгледувам. Особено ме привлекуваат места познати по нивните модни иновации, како Франција, Италија и Обединетото Кралство, кои долго време се во првите редови на високата мода во Европа. Но, и надвор од Европа, модните сцени во Азија - особено Јапонија - ги сметам за исклучително инспиративни. Истовремено, имам длабока врска со мојот роден град Штип и Македонија, каде што започна моето патување во модата. Би сакал еден ден да придонесам за креативната сцена овде. Животот има начин да не изненади, а јас сум отворена за каде и да води мојот пат.



**▓ Каде себеси со своите модели се гледате за 10,20 години? Ќе може ли Штип да се пофали со „свое девојче“ кое го освоила модниот свет на Европа, а можеби и пошироко...**

-Замислувам да продолжам да растам и како дизајнер и како уметник, постојано поместувајќи ги границите и експериментирајќи со нови идеи. Модата, за мене, е патување на истражување и се надевам дека ќе видам како моите креации еволуираат во нешто што ќе резонира не само со оние во Европа, туку и на глобално ниво. Би било остварување на сонот мојата работа да биде препознаена на некои од најпрестижните светски сцени, а ако Штип може еден ден да каже дека „нивната девојка“ има влијание во светот на модата, тоа би било извор на огромна гордост за мене и за градот кој помогна да се обликувам во личноста кој што сум денес. Апсолутно си дозволувам да сонувам такви соништа затоа што верувам дека амбицијата, кога се комбинира со напорна работа и страст, може да доведе до неверојатни достигнувања.

**▓ Нешто што не сме знаеле да ве прашаме,а Вие го сметате за важно за ова интервју?**

-Сакам да споделам со нашата јавност дека оваа година, имав можност да учествувам во програма за размена, поминувајќи шест месеци во Валенсија, Шпанија. Ова искуство беше навистина збогатено, бидејќи ми овозможи да се потопувам во нова средина, да работам со различни креативни умови и да истражувам дизајнерски концепти кои претходно ми беа непознати. Изложеноста на енергичната уметничка и дизајнерска сцена на Валенсија ја прошири мојата перспектива, инспирирајќи ме да интегрирам некои од овие уникатни пристапи во мојата работа. Тоа беше период на огромен личен и професионален раст и заминав со подлабоко разбирање за тоа како различните култури влијаат на модата.

Покрај моето време во Шпанија, имав и доволно среќа да бидам избран да ја покажам мојата работа на (Slow Fashion Show) во Стокхолм, Шведска. Ова беше особено посебно искуство за мене, бидејќи не само што можев да ја претставам мојата колекција, туку ми беше дадена честа да го затворам настанот - момент што се чувствуваше надреално и неверојатно наградувачко. Одговорот од публиката и професионалците од индустријата беше огромно позитивен, што дополнително ја поттикна мојата страст за одржлива мода и иновативен дизајн. Еден од најважните моменти на ова патување беше признанието од Vogue, едно од најпознатите и највлијателните модни списанија во светот. Спомнувањето на мојата работа од страна на Vogue се чувствува како потврда на насоката што ја преземам како дизајнер и ме мотивираше да продолжам со уште поголема решителност да ја следам мојата страст за модата, Vogue беше навистина остварување на еден од моите соништа.


ФЛИПНИ
И УЖИВАЈ
СТОБИ ФЛИПС
СО КИКИРИКИ



KitGomarketi
КУМАНОВО
ПРОБИШТИП
СКОПЈЕ
М. КАМЕНИЦА
ДЕЛЧЕВО
КОЧАНИ
ПЕХЧЕВО
ШТИП
ВЕЛЕС
БЕРОВО
РАДОВИШ
НЕГОТИНО
СТРУМИЦА
КАВАДАРЦИ
ГЕВГЕЛИЈА
КИТ-ГО Маркети
Вкусно
Baron
ТЕРА
Luxy
Donna

# Ода за еден татко



Има и многу убави работи кои познати и непознати јавно ги објавуваат на социјалните мрежи. Меѓу напрекрасните прочитавме текст за кој проценивме дека е вреден за да се сподели со читателите на Штипски Глас. Текстот го донесува во целина

**Ода за еден татко**

За прв пат после толку години дојде тука на кафе и тоа не дека сакаше ама мораше. Мојот тато... секогаш внимавал да не смета, да не прекинува, да не е вишок, да не навреди некој.

Седи во канцеларијата, разгледува и молчи. Јас него го гледам и се во мене врие. Ми се враќаат спомени кога учев, студирав...ќе си дојдев во јуни, а него го препржило сонцето додека собирал сено да чува крава, да продаде млеко или теле, за да не школува. Рацете црни, испукани, од косата, вилата и мотиката. Секој денар за моето школување натопено со многу пот, мака, труд, болка низ целото тело од премореност.Па ми се враќа слика кога дојде во големиот град сам, со крпи и 200 марки во џеп да ми купи кревет во студенски, оти за сите што имаа пари имаше и соба, за нас чии родители беа технолошки вишок и без плата, немаше ни кревет во студенски дом, а не знаевме ни на кој да ги дадеме, ни како да го купиме...

И не смееш ни да помислиш да се откажеш од студии, оти јасно ми имаше кажано кога тргнав „ние тука ќе се снајдеме, ти или ќе одиш и ќе завршиш или воопшто не тргнувај“. Крај на муабетото.И цел живот нема кукање.На моето не можам, вика мораш, на мое се откажувам, вика никако, на моите солзи вика глава горе, издржи ќе дојде подобро...

Сите тие како мене што растеле со многу љубов, а малку пари и гледале како родителите мизерувале за наше подобро утро, не верувам дека ќе ги разочараат, дека нема да си ја гледаат работата и ќе работат чесно, исправно, напорно, не заради се друго, туку првенствено заради родителите.И ќе се радуваат искрено кога родителите се радуваат за нив.

...и повторно не рече ништо, како и секогаш молчеше.Ја разбрав по кој знае кој пат оваа негова „Не го форсирај и не го фали своето дете, не знаеш што може да ти „зготви“. Ама јас го видов овој сјај во неговите очи, што ми потврди дека секоја нековгa капка пот, секоја негова уморна воздишка додека не школувал му значи сега... вредела...

Сите што пиеле кафе тука биле мои добредојдени гости, соработници, колеги и пријатели и ми биле мили, ама денес го имав гостинот што долго го чекав и кој најмногу го сакам.

**(Билјана Петровска,**
**директор на библиотеката „Илинден“-Делчево)**

**ХОРОВИ**

# Празник на хорското пеење во Штип

Верен на традицијата ЗГ Градски камерен хор „Астибо“-Штип годинава го организира седмиот по ред меѓународен фестивал на хорско пеење „Астибо фест“.

На фестивалот учествуваа вкупно десет хорови од Македонија, Србија и Бугарија. Беа изведени 38 композиции од различни жанрови како поп, фолк, класична музика како и композиции од сите музичко-историски жанрови. Настанот се одржа во Домот на култура „Ацо Шопов“, прво во „Галерија 22“, а потоа и во големата сала на домот.

За прв пат настапија и детски хорови, така да на фестивалот беа застапени сите генерации (хор „Кочо Рацин“ од Скопје е составен воглавно од постари членови - пензионери).



На крајот 226 хористи ја исполнија „Ленка Пингова“ во хорски аранжман на м-р Ивана Ѓурѓевик Јанков, диригент и уметнички директор на фестивалот, како и „Многаја љета“ со што сите си посакаа долг живот на фестивалот.



Пишува:
М-р Трајче КАЦАРОВ, писател

# ЖИВОТОТ И ПРИРОДАТА

## 1

Ниче, оној кој на апсолутното знаење на Хегел ја спротивставил ведрата наука, во книгата „Така зборуваше Заратруста“ на оној што сака да има дете и да го му одреди неговото воспитување ќе напише: „Треба да созидаш повеќе од она што го имаш. Треба да создадеш тркало кое само се тркала. Треба да создадеш некого што создава.“ Другиот учен на кого ќе се повикаме во разработка на темата е Бела Хамваш. За него воспитувањето е најкомпромитиран збор. Во Хегеловата техника за воспитување гледа намера пред детето да се компромитира животот, всушност да се сведе на идеја. „Детето, се разбира обдареното, се спротивставува на тоа зашто во природата му е љубовта кон животот. Тоа е првата причина училиштата да му станат одвратни. Па, наместо воспитувањето да го компромитира животот, излегува обратно, животот го компромитира воспитувањето. Училиштето не го гради животот , туку животот го гради училиштето. Така се доаѓа до ефектот каде детето гледа на воспитувањето како на трик со кој ќе го намамат во инфериорност. Токму таквиот трик на децата им прави главоболка. Се претвора во случај кој тешко може да се заобиколи - да се клукаш со идеал заедно со бомбони и воедно да прикажуваш како тоа е животот, идеалот. Но, децата секогаш постапуваат на начин - штом учителот ќе се сврти тие ги голтаат бомбоните и го плукаат идеалот.“

Во разјаснувањето на материјалот ќе појдеме од три примери:

**Првиот пример** е поврзан со писатели од Русија кои после Октомвриската револуција емигрирале во Германија.

**Вториот пример** е изјавата на еден наш познат естраден уметник, пеач

**Третиот приемр** е нападот на една книга во Народниот театар во Штип.

## 2

**Во првиот пример,** станува збор за писателите Марина Цветаева и Андреј Бели. Кога тие се сретнале во Берлин, на еден собир на тогашните руски емигранти, Бели и се обратил на Марина со зборовите: „Јас и Вие имаме нешто заедничко. Нешто што не разликува од другите. Ние пораснавме во скоро идентична духовна атмосфера. Вашиот татко бил професор како и мојот. Тоа многу влијае на нашиот светоназор.“

**Во вториот пример** Познатиот пеач за време на часовите по музичко образование и воспитание, додека пееле некоја од песничките предвидени со наставната програма, чувствувал дека треба да направи нешто со што ќе се вмеша, на свој начин, во подадента интонација.

**Во третиот пример,** актерите од Народниот театар од Штип, со остри предмети на најдрзок начин го оштетиле плакатот што ја најавувал театрлошката книга напишана од нивен колега.

## 3

**Во првиот пример** имаме замена за идеали. Идеалот кон кој не наведуваат државните институции кои припаѓаат на идеолошкиот апарат на власта (школите, црквите) да се биде потчинет на законот на власта, на нормите во животната средина што тие ги пропишуваат, да се почитуваат иконите на угнетувачкиот апарат, да се замени за идеалите кој ги создава индивидуата, спротивставувајќи се на оние на власта. Во таков случај повторно можеме да кажеме дека училиштата не учат да го победиме животот, а излегува обратно животот ги победува училиштата, оние кои продуцираат воспитување кое ќе не држи во потчинета положба. Во нашата средина тоа е очевидно: На времето комунистите не учеа да се потчинуваме на партијата, на онаа што ја држеше власта, а со неа и угнетувачкиот и идеолошкиот апарат, а сега, во денешно време, власта не учи да се покоруваме на митовите во историјата, на оние на кои таа им дава и деминзии и содржина.

**Вториот пример** се огледа во природата на човекот, т.е. животот кој се спротивставува на она што е во природата на човекот. На часот по музика наставникот , претставникот на животот, училиштето, сакал да ја победи природата кај учениците. Дарбата го победила животот-училиштето.

**Третиот пример** говори за наплив на омраза и завист кон понудената компетенција. Се јавуваат во мали животни средини, кај ниски социјални слоеви, кај такви кои никогаш немале култивиран однос со книжевни, т.е. писмени артикулации.



# Следење на европските трендови – градење свест за зачувување на околината

**Пишува:
Роберт Аџипетров**

Во насока на аспирациите на Македонија за полноправно членство во Европската унија, неопходно е политиките како на централно, така и на локално ниво, да ги следат трендовите карактеристични за европското семејство. Приоритетите на Македонија мора да се еднакви со тие на Европската унија. Фокусот на унијата во моментот е свртен кон градењето свест за околината, зачувување на животната средина за што е изработен план, “Green deal”, од Европската комисија. Грижата за животната средина значи борба против климатските промени, зачувување на биодиверзитетот и природните ресурси што директно ќе влијае на унапредување на здравјето, но и градење на економски одржлив систем.

Образованието во Македонија често е исправено пред бројни проблеми, од кои дел со „егзистенцијален“ карактер, што остава малку простор за ова актуено прашање. Улогата на „светилник“ која ја има воспитно-образовниот систем во секое општество, значи дека истиот мора да биде иницијатор за создавање вредности и градење свест за зачувување на околината. Поради наведеното, потребно е локалната и централната власт, преку проектни активности, да го искористат влијанието кое образованието го има во секое семејство, преку најмладите членови и на тој начин да го актуелизира прашањето.

Поставување на енергетско-ефикасни фасади, фотоволтаични системи како и инсталација на клима уреди се дел од капиталните проектите чија имплементација би значело придвижување во саканиот правец. Општина Штип во изминатиот период работеше со засилено темпо во оваа област па така ООУ „Славејко Арсов“ и СОУ Гимназија „Славчо Стојменски“ добија клима уреди во секоја училница, активност која беше спроведена и во СОУ „Јане Сандански“. Клима уреди беа набавени или истите се во постапка за набавка и во ООУ „Гоце Делчев“ како и ООУ „Димитар Влахов“. Фотоволтаични системи се поставија на три училишта и тоа: ООУ „Тошо Арсов“, СОУ „Коле Нехтенин“ и СОУ „Јане Сандански“, нешто што од порано беше направено и во ООУ „Ванчо Прке“. Комплетно нова столарија беше поставена во медицинското училиште, а санација на прозорите имаше и во подрачното училиште во штипско Ново Село и гимназијата. Дополнително, во тек е припрема на неколку проекти за санација на фасадна површина, кровна конструкција како и столарија во неколку основни и средни општински училишта.

Инфраструктурните инвестиции имаат бројни бенефити, но истите не се единствениот механизам кој и стои на располагање на училиштата. Озеленување на средината е дополнителна активност, а училишните дворови ќе добијат нови дрвја веќе од оваа година, засадени од учениците. Еко акциите се нешто што традиционално се реализира во сите училишта, но она што е посебен предизвик е проект за тотална селекција на отпад. Доколку оваа мерка успешно се реализира, тоа би значело едукација за предностите кои истата ги носи, но и поттикнување да секое домаќинство ја прифати и активно применува. Јавно мислење, генерирано од најмладите, секогаш е рецепт за успешно имлементирање на одредена мерка или политика.

***Улогата на „светилник“ која ја има воспитно-образовниот систем во секое општество, значи дека истиот мора да биде иницијатор за создавање вредности и градење свест за зачувување на околината.***

Активностите во насока на зачувување на околината имаат и друг голем бенефит за општината и државата, а тоа е можноста за нивна реализација се користат средства од европските фондови. Поради ова, неопходна е дополнителна едукација во ова поле, со цел институциите да го добијат потребниот know-how, т.е. проектите да ги структуираат на начин што би овозможил користење на европски пари за нивна реализација. Актуелноста на прашањето во светски рамки, мора да биде искористено од наша страна со цел унапредување на квалитетот на живот. Крајниот бенефит од сите овие активности би значело создавање правилни навики, чиста околина, економска одржливост и имплементирање на цирклуларна економија, а крајниот ефект од се што е наведено е и најважен - здрава нација!

**(Авторото е раководител на одделение за образование во Општина Штип)**

# Нашата книжевност не заостанува зад светските трендови



**Лидија Капушевска – Дракулевска**, родена штипјанка (1962 г.) е критичар, есеист, антологичар, писател, редовен професор на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при УКИМ во Скопје. Таа е гостин во редовната наша рубрика „Роднокрајни приказни“.

**Г-ѓа Лидија, кажете ни нешто за Вашето детство. Што како дете сонувавте да бидете во животот?**

Сакав да станам писател. Многу читав и почнав да пишувам по нешто, онака детски, наивно.

**Кои писатели во раното детство ја уживаа Вашата доверба? Кои литературни дела би им ги препорачале на денешните деца?**

Првата книга којашто ми остави силен впечаток беше „Црното лале“ од Александар Дима. Веројатно затоа што ја добив како подарок од мојата најдобра другарка Лидија Глигорова со која бевме неразделни во Штип. Книгата уште ја чувам како спомен. За среќа, има многу наши автор(к)и кои сѐ повеќе се свртуваат кон литературата за деца. Само на децата треба да им се развие и негува љубовта кон книгата. Во почеток, многу да им се чита или да им се раскажуваат приказни.

**Какви беа Вашите книжевни почетоци? Кога и како настана Вашата љубов кон пишувањето? Дали отсекогаш сте сакале да бидете писател?**

За жал, мојот детски сон – да станам писател – не се оствари, иако во детските и во гимназиските денови пишував и поезија и проза. Но, книжевноста остана мојата вокација: дипломирав општа и компаративна книжевност на Филолошкиот факултет во Скопје, останав на Катедрата најнапред како соработник-асистент, а денес сум редовен професор (пред пензија, хахаха), така што професионално се занимавам со литература, но како книжевен критичар и есеист. Прва објавена книга ми е „Во лавиринтите на фантастиката: фантастичниот расказ во македонската литература“ (1998). Се работи за мојата магистерска теза одбранета на Белградскиот Универзитет во 1992 год. која е прилагодена и објавена како книга неколку години подоцна.

Пишувам по повод некоја книга која ќе ми остави впечаток, или „по нарачка“ од страна на некој наш автор – поговор за некоја нова, необјавена книга или рецензија за промоција на одделна книга и сл. Пишувам и реферати за домашни и меѓународни конференции и симпозиуми на одредена тема, затоа што како универзитетски професор, освен наставна, се занимавам и со научна активност.

**Како би ја дефинирале денешната македонска книжевност?**

Имаме жанровски и тематски најразновидна продукција, одлична книжевност која ги следи европските (и светски) трендови и воопшто не заостанува зад нив.

**Дали сѐ уште се радувате на книга како подарок, го знаете ли бројот на книги во Вашата библиотека? Кога би требало да земете само една книга со себе на пуст остров, која книга би била тоа?**

Секако дека се радувам на секоја подарена (или купена) книга. Не го знам бројот на книги во мојата библиотека. Но, може да се рече дека „сум затрупана“ од книги. Во односот на избор на само една книга за на пуст остров тоа ви е едно многу тешко за одговор прашање. Кога исто такво прашање му поставиле на великиот Умберто Еко, тој одговорил: телефонски именик, затоа што зад секое име се крие една приказна. За жал, немам одговор на ова прашање.

**Кога ќе погледнете зад Вас, што сфативте дека е најважно во животот, дали е тоа можеби љубов, здравје или нешто сосема трето?**

Со оглед на моите години, веројатно прво е здравјето, па сѐ друго. Секако дека неизбежни се и семејната среќа и радост, љубовта генерално, но и љубовта и посветеноста на професијата со која се занимавате, како и сите хуманистички (духовни) вредности и доблести кои за жал, во денешниот турбулентен и материјалистички ориентиран свет, сѐ повеќе се маргинализирани.

**Врз основа на животно и писателско искуство, што би имале да им кажете на помладата генерација писатели кои штотуку тргнуваат на тој пат?**

Бидете свои, бидете слободни, искрени и чесни, не подлегнувајте на никакви моди и трендови или какви било други притисоци. И читајте што повеќе, зашто добрите писатели се, најнапред, пасионирани читачи.

**Напишале:**
**Тодор Џидров и м-р Јована Рилак, библиотекари**

# Театарскиот фестивал „Малиот принц“ им донесе голема радост на децата и младите

Сенки. Сенките се како магични огледала. Ни покажуваат што крие светлината. Тие се нејзините таинствени пријатели. Сенките се игра на светлината, чудесно патување низ непознатото.

Со овие зборови Кристина Атанасова Арсова, в.д.директорка на НУЦК „Ацо Шопов“ се обрати пред најмладите штипјани на отворањето на фестивалот за деца и млади „Малиот принц. и продолжи:

„Светлина. Светлината создава бои и облици, создава живот,но сенките… во нив секријат сите тајни на универзумот! Без светлина, сенките би исчезнале, но без сенки, светлината би била празна. На оваа сцена, каде магијата на театарот ќе ги оживее вашите фантазии секоја сенка ќе зборува, а секој зрак/сноп светлина ќе создава нова приказна бидејќи денес започнуваме уште едно неверојатно патување!

По дванаесетти пат од 16 до 19 Септември, во Домот на култура Ацо Шопов во Штип, како што завесата се крева и сцената се открива, Малиот Принц ќе нè одведе на патување исполнето со чудесни откритија и неверојатни средби. Во овие авантури ќе запознаеме нови пријатели, ќе патуваме на далечни места, ќе откриеме магични светови и чуда што одамна чекале да бидат откриени. Запомнете, вие децата сте најважни во ова незаборавно патешествие, зашто на сцената, нема граници за вашата фантазија.







Во овие фестивалски денови секој момент ќе е осветлен со нашата љубов кон театарот и уметноста. Нека оваа светлина ве води на патување што ќе остане во вашето срце и како возрасни, ќе ви носи и долго ќе ве оплеменува со радост и инспирација.

Драга наша публико, драги деца, добредојдовте во магичниот свет на детскиот театарски фестивал „Малиот Принц“, каде што светлината и сенките ќе го играат танцот на приказните“, рече Атанасова Арсова.. На фестивалот беа прикажани пет театарски претстави, а беше одржана и една работилница. Настанот беше отворен со претставата „Книголандија“ на Театар Штип, продолжи со претставите „Касни порасни“ на Детски креативен центар МКЦ Скопје, Театар Штип кој е дел од НУЦК „Ацо Шопов“ ја реализира работилницата за изработка на маски, „Бабец театар“ од Битола им донес многу радости на најмладите со претставата „Бременски музиканти“, НУЦК Скопје Трајко Прокопиев“-Театар Куманово ја прикажа „Волшебникот од ОЗ“, а гостите од Бугарија, од Здружението за уметност и култура „Водолеј“ на големата сцена при Домот на култура „Ацо Шопов“ ги раскажаа своите „Приказни по телефон“.

# БК „Балканец“ со 12 медали од Балканското младинско првенство во борење

Најтрофејниот штипски спортски колектив Боречкиот клуб „Балканец“ од Балканското првенство во борење кое се одржа во Скопје, се врати со дванаесет медали. Со тоа нашите борачи само го потврдија епитетот на исклучителен спортски колектив кој, каде и да се натпреварува, само го надополнува огромниот комплет признанија кои ги има во своите витрини.




Првенството го отвори министерот за спорт Борко Ристовски, посакувајќи им добредојде на младите спортисти од целиот регион. Настанот се одржа во Арената „Борис Трајковски“ во Скопје, а на него се собраа најголемите таленти во регионот, во машка и во женска конкуренција. Министерот Ристовски ја истакна важноста од поддршка на младите спортисти и негување на спортскиот дух, тимската работа и дисциплината кај помладите генерации.

„Ова првенство не е само натпревар, туку прослава на вредностите кои борењето ги всадува кај младите – упорност, дисциплина и почит. Горд сум што Македонија е домаќин на еден ваков важен настан, кој ги обединува народите од регионот во духот на спортот“, изјави министерот Ристовски на отворањето.



***Дејан Богданов, претседател на Боречката федерација на Македонија, му предава признание на министерот за спорт Борко Ристовски***

На првенството учествуваа над 600 борачи од 12 балкански држави.

**Во конкуренција на пионери (У-15) штипските борачи ги освоија овие места:**

38 кг.Лука Ананиев-второ место

41 кг.Андреј Мишев-трето место

68 кг.Зоран Шоров-трето место

50 кг.Бојана Ковачова-второ место



**Кадети (У-17) „Балканец“:**

45 кг.Андреј Мишев-трето место

48 кг.Мусај Бислими-второ место

61 кг.Мелани Митевска-трето место

**Младинци (У-20) „Балканец“**

61 кг.Стефан Стојков - трето место

86 кг.Дамјан Смилков-второ место

125 кг.Теодор Георгиев-прво место

57 кг.Марија Цветанова-второ место

68 кг.Мелани Митевска-второ место

Во екипен пласман во машка и женска конкуренција македонската репрезентација го освои третото место. Во екипен пласман во машка конкуренција македонската репрезентација го освои првото место додека во женска конкуренција го освои третото место.

Трпана се пораѓа во болница, вика од болки и му ја стега раката на Трпе. Трпе загрижен и вика:
– Трпано, љубов моја, многу ми е жал што мора ова да го трпиш!
А Трпана му враќа:
– Ма уживај ајде, не си ти крив!

Цветко и Трпе седат на кафе и прават муабет:
– Се плашиш ли од пајаци?
– Не, зошто?
– Па добро е тоа, затоа што еден само што ти ја дигна колата.

Наставничката го прашува малиот Трпе:
– Трпе, колку се 5 + 5?
– 11 наставничке!
– Трпе, ај извади ги рацете од џеб и преброј повторно.

– Докторе, жена ми ја боли грлото и го изгуби гласот, што да правам?
– Уживај човеку, уживај!Трпана го прашува Трпе:
– Како да се маскирам за 1 Април?
– Ништо не чепкај, арна си…

Починал некој цариник и оди кај Свети Петар и го прашуваат:
– Сакате да одите во рајот или во пеколот?
– Па, јас би сакал некаде између, ако може на граница.

Влегува Цветко во продавница за обувки и прашува:
– Извини, колку пари се кондуриве?
– 24.490 денари.
– Епа дајте ми 100 грама!

Човек седи во паркот со телефонот во рака и слушалките во уши.
Бев убеден дека слуша музика, се додека после 20 минути не рече:
– Љубов, може ли јас нешто да кажам?

Цветко вози автомобил, го сопира полиција и му вели:
– Господине, ќе мора да правиме алкотест.
Цветко возбудено му враќа:
– Па тоа бе, а каков алкохол ќе тестираме?



# ТР-МР




**Размислува: Iv. BOJ**

**Во нашето здравство се е можно**
**Ќе те фатат бубрези**
**Ќе те лекуваат на – кожно.**

**Има идеја стадионот да се сели**
**од сегашната локација.**
**Погрешно.**
**Каков ни е фудбалот стадион и не ни е потребен.**

**Гоце Делчев рекол дека го**
**познава светот како поле за културен**
**натпревар меѓу народите.**
**Децата на Гоце Делчев денес го познаваат**
**светот како војна**
**за масовни пресметки помеѓу вмровци и**
**сдсмовци.**

**Во животот ќе си останеш вечно сиромав**
**ако имаш млада жена и стар автомобил.**
**И едното и другото најмногу трошат.**

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | 3 | 7 | 2 | | 9 |
| | | | 8 | | 9 | | | |
| | 4 | 9 | 1 | | 2 | | 8 | 7 |
| | | 7 | | | | 3 | | |
| 8 | | | | | | | | 5 |
| | | | 5 | 1 | | 9 | | |
| | | 5 | | | | | | 6 |
| | | | 6 | | | | | |
| 7 | 2 | | | | | | | 1 |





## ИМПРЕСУМ

Издавач: Медиум Боја 43 – Штип
Седиште на фирмата и адреса на редакцијата:
Ул. „Тошо Арсов“ бр. 23 – 2000 Штип

Одговорно лице: Иван Бојаџиски

Излегува еднаш месечно
Првиот број излезе во месец април, 2009 година
Главен и одговорен уредник:
Иван Бојаџиски 078/375582

Графички уредник:
Јорданчо Бојаџиски, 078/473094

Овој број е отпечатен на 30.09.2024 година
Тираж: 1.000 примероци

Ж-ка: 290000002136767
Едб:4029019522191
Т.Т.К. банка А.Д. Скопје
Годишна претплата: 180 денари.

Печати: Европа 92-Кочани,
ул. „Крижевска“ бр. 52

За Штипски глас
се плаќа повластена даночна стапка од 5%

ISSN 2545-4498
Непотпишаните текстови се на Иван Бојаџиски

совет за етика во медиумите на македонија

Нашата редакција е членка на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), со што целосно се залагаме за почитување на етиката и професионалните стандарди во известувањето. СЕММ е тело за саморегулација во медиумите и е орган што ги разгледува и одлучува по жалбите во однос на известувањето на медиумите .



| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | Ш.Г. | **Наша пејачка** | Канадска пејачка | Езеро во Јужна Америка | Прекар на сликар Анчевски | Тапанар Таветијан | Композ. Хачатур-јан | Стар град во Месопо-танија |
| | | | | | | Вид крива сабја | | | | | | | |
| | | | | | | Клошари, скитници | | | | | | | |
| | | | | | | Папска палата во Рим | | | | | | | |
| | | | | | | Река во Нигерија | | | | Стар мод. на Цитроен / Предмети за работа | | | |
| | | | | | | Име на израел. сликар Агам | | | | | | Волт / Лирски поет | |
| | | | | | | Вид вишна | | | | | | | |
| Ш.Г. | Вид Заб | Ш.Г. | Припад.на старо германс. племе | Радиус | Дотатоци на прехра-нбените продукти | Америк. артистка | Остар нагласок мн. / Две само-гласки | | | | | | Град во Романија |
| Келвин | | Вид див. животно / Градинар. парцели | | | | | | | | | Радиум / Богомил | | |
| Ламја | | | | Двобој / Нордиски бог на громот | | | | | Град во Кина / Еден од марш. ос-трови | | | | |
| Карактер (арх.) | | | | | | | Вид земј. работник / Крал во „Махабха-рата“ | | | | | | |
| Состојка на тутунот | | | | | | | | Библиски пророк / Нечовек, чудовиште | | | | | |
| Италија | | Правење фигура од хартија / Импортер | | | | | | | | Вид папагал / Град во С. Кореја | | | |
| Нунко | | | | Одглед. на волови / Внат.слој на школ-ката | | | | | | | | | Унгарски народен танц |
| Ш.Г. | Писател Иљоски / Вид литер дело | | | | | | Екс фуд. од Порту. / Инге илин | | | | | Согласка / Дете од црна раса | |
| Писател Пановски | | | | | Растојан. (Лат.) / Џиљола Чинквети | | | | | | | | |
| Чесност | | | Заедничко име за дом животни / Град во Белгија | | | | | | | | Ромен Ролан / Штавена овча кожа | | |
| Машко име | | | | | | | Рак. клуб (скр.) / Острови (скр.) | | | Река во Пакистан / Струмица | | | |
| Амер. артистка | | | | | | | | | Стакло (разг.) / Самогла-ска | | | | |
| Мистерии | | | | | Град во Португа-лија | | | | | | | | |

GREEN GARDEN
RESIDENTIAL COMPLEX

# СОВРЕМЕН И КВАЛИТЕТЕН НАЧИН НА ДОМУВАЊЕ

*по најповолни цени...*



## НОВ СТАНБЕН КОМПЛЕКС ВО ШТИП

070 22 22 07
070 24 24 22

www.aktivagreengarden.mk
info@aktivagreengarden.mk

- ВИСОКО КВАЛИТЕТНА ГРАДБА
- ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ **А КЛАСА**
- СОПСТВЕНО ЦЕНТРАЛНО ГРЕЕЊЕ
- ГАСНА ИНСТАЛАЦИЈА ЗА СЕКОЈ СТАН
- ОБЕЗБЕДЕН ПАРКИНГ ПРОСТОР
- ЦЕНТРАЛЕН ПАРК СО ВОДЕНИ ПОВРШИНИ

AKTIVA